ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Интегра-Македонска конзервативна партија за изборна кампања за предвремени парламентарни избори 2020

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

- неподмирени обврски кон добавувачи за изборна кампања;
- доставен е корегиран финансиски извештај и
- не искажани приходи по основ на платено политичко рекламирање по основ на договори за асигнација, платени од страна на ДИК.

**Издадено мислење/заклучок*:**
Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики се воздржуваме од изразување мислење.

**Клучни препораки:**

- покривање на трошоците за изборна кампања исклучиво од сметката отворена за таа намена;
- точно и навремено доставување на финансиските извештаи од спроведени избори и
- почитување на роковите за затворање на трансакциска сметка и реализација на платниот промет со асигнација преку трансакциската сметка.

**Клучни системски слабости:**

Преиспитување/уредување на регулативата за:

- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка и
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk